**20242243923**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за домување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2024 година.

Бр. 08-5156/1
29 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ број 99/2009, 57/10, 98/10, 127/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 302/20 и 150/22) во член 94 во ставот (2) зборовите: „од областа на труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „од областа на социјална политика, демографија и млади“.

Член 2

Во член 98 ставот (4) се менува и гласи:

„Против решението од ставот (3) на овој член закупецот има право на жалба до органот на државната управа надлежен за работите од областа на социјалната политика, демографијата и младите, во рок од 15 дена од приемот на одлуката. Органот на државната управа надлежен за работите од областа на социјалната политика, демографијата и младите, одлуката по жалбата ќе ја донесе во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата.“.

Во ставот (6) зборовите: „од областа на трудот и социјалната политика“ се заменуваат со зборовите: „од областа на социјалната политика, демографијата и младите“.

Во ставот (8) зборовите: „министерот надлежен за работите на труд и социјалната политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот надлежен за работите на социјална политика, демографијата и младите“.

Член 3

Во Законот за изменување на Законот за домување („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 150/22) во член 2 во ставот (7) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Во член 4 во ставот (7) зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.